Наташа Бошкова
Хајди Штерјова-Симоновиќ

# Анализа на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија



ХОПС – Опции за здрав живот Скопје
2017

**Наташа Бошкова**
**Хајди Штерјова-Симоновиќ**

# Анализа на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија

ХОПС – Опции за здрав живот Скопје
2017

Издавач
Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

За издавачот
Христијан Јанкулоски, извршен директор, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

Наслов
Анализа на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија

Лектура
Весна Костоска

Дизајн
Социјален маркетинг - ХОПС

Печати
Полиестердеј

Цитирајте ја оваа публикација на следниов начин:
Бошкова, Наташа и Хајди Штерјова-Симоновиќ. Анализа на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија. Скопје: Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, 2017.

**CIP** - ДА СЕ ЗЕМЕ ОД НУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Вовед | **4** |
| **2.** | Методологија | **5** |
| **3.** | Правна рамка и политички контекст | **7** |
| **4.** | Општ контекст во кој се одвива сексуалната работа | **11** |
| 4.1. | Демографски карактеристики | **11** |
| 4.2. | Локации и начини на извршување на сексуалната работа | **13** |
| 4.3. | Проблеми со кои се соочуваат сексуалните работници | **14** |
| 4.4. | Кој им помага кога имаат проблеми? | **15** |
| 4.5. | Насилство врз сексуалните работници | **15** |
| 4.5.1 | Форми на насилство | **16** |
| 4.5.1.1. | Психичко насилство | **16** |
| 4.5.1.2. | Физичко насилство | **16** |
| 4.5.1.3. | Сексуално насилство | **16** |
| 4.5.2. | Субјекти кои вршат насилство врз сексуалните работници | **17** |
| 4.5.3. | Зачестеност на насилството | **18** |
| 4.6. | Безбедноста на сексуалните работници | **18** |
| **5.** | Мерки за самозаштита на сексуалните работници | **22** |
| **6.** | Знаења за начинот на кој е регулирана сексуалната работа | **24** |
| **7.** | Ставови за регулирање на сексуалната работа | **25** |
| **8.** | Знаења за постоечките модели за регулирање на сексуалната работа | **28** |
| 8.1. | Легализирана сексуална работа | **28** |
| 8.2. | Декриминализирана сексуална работа | **28** |
| **9.** | Заклучок | **30** |

## Вовед

Сексуалните работници ги имаат истите човекови права како и останатите граѓани. Меѓутоа, постоечката законска рамка, политиките и воспоставената пракса поврзана со сексуалната работа, лицата вклучени во сексуалната работа и условите во кои тие живеат и работат укажуваат на постоење на системска дискриминација, насилство и експлоатација, што доведува до кршење на основните човекови права на сексуалните работници. Здружението ХОПС – Опции за здрав живот Скопје за прв пат во 2000 година започна да контактира сексуални работници кои главно работат на отворено, а со развојот на програмата за поддршка на сексуалните работници се зголеми опфатот на сексуалните работници, како и различните модуси на работа на сексуалните работници.

Искуствата од досегашната директна работа со сексуалните работници укажуваат на тоа дека сексуалните работници се соочуваат со насилство и сериозни прекршувања на нивните права од страна на институциите и на трети лица. Истражувањата спроведени на територијата на Град Скопје покажуваат дека единствено сексуалните работнички се жртви на насилство од омраза во јавните простори (Реактор, 2012). Во случаите на повреди на нивните права, сексуалните работници имаат ограничен пристап до правдата, а често и државните институции се прекршителите на нивните права.[1] Ваквиот контекст придонесува сексуалните работници да бидат на маргините на општеството, да живеат и да работат во небезбедни услови како по нивното здравје, така и по нивниот живот. Од друга страна, Република Македонија иако ги има потпишано и ратификувано поголем дел од меѓународните договори со кои се гарантираат човековите права на сите граѓани, сепак на национално ниво сè уште постојат законски празнини во одредбите кои ги засегаат сексуалните работници. Недоследностите во правната рамка дополнително придонесуваат за неконзистентна примена на одделни закони кои негативно влијаат на остварувањето на правата на сексуалните работници.

Со цел подобрување на работните и на животните услови на сексуалните работници во Македонија неопходно е да се анализираат постоечката законска рамка, политиките, но и нивната имплементација во пракса. За сеопфатен увид во состојбите, во овој документ се прикажани и ставовите и мислењата на самата заедница на сексуални работници за влијанието на постоечките политики и практики и нивните предлози за реформа на постоечката политика и измена и дополнување на постоечката законска рамка.

---

1 Истражување СОАИДС.

## Методологија

Анализата на знаењата и на ставовите на сексуалните работници во врска со сексуалната работа и проблемите со кои тие се соочуваат во рамките на постоечката законска рамка и начинот на спроведувањето на политиките е спроведена во рамките на проектот „Модели за обезбедување на долгорочна правна помош и заштита на човековите права на сексуалните работници“. Извештајот од анализата треба да послужи како основа да се запознаеме со ставовите и знаењата на сексуалните работниците кои ги користат услугите во програмите за поддршка на сексуалните работници. Исто така анализата треба да биде основа за креирање предлози за подобрување на политиката и на праксата во однос на сексуалните работници.

За потребите на оваа анализа, во периодот од септември до ноември 2014 година, спроведено е истражување од страна на здружението ХОПС – Опции за здрав живот Скопје во соработка со здруженија кои имаат програми за поддршка на сексуалните работници во други градови. Соработници во спроведувањето на теренското истражување беа Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР, Здружението ХЕЛП од Гостивар, Здружението ИЗБОР од Струмица и Здружението Опција Охрид. Поддршката за истражувањето потекнува од Институтот Отворено општество Њујорк, САД и Фондацијата Отворено општество Македонија. Во истражувањето се користени прашалници подготвени за потребите на оваа анализа и постоечки податоци од институциите и организациите што нудат услуги на сексуалните работници, како и други извори на литература поврзана со прашањето. Целта на анализата е да се направи проценка на знаењата и на ставовите на сексуалните работници во врска со постоечките закони, политики и пракси и нивните потреби за подобрување на условите за живот и работа.

Во согласност со целите на анализата беше подготвен прашалник во кој се содржани прашања за општи податоци, податоци поврзани со начинот на кој се одвива сексуалната работа, степенот на безебедност на сексуалните работници, познавањата за законската рамка и предлози за промена на законите и на практиките. Примерок од прашалникот се наоѓа во анексот кон оваа анализа. За потребите на теренското истражување се одржа еднодневна обука со луѓето кои подоцна го спроведоа истражувањето со сексуалните работници. Прашањата им беа поставувани на сексуалните работници, а одговорите рачно се внесуваа во прашалниците од страна на анкетарите. На сите луѓе опфатени со истражувањето им е гарантирана потполна анонимност и дискреција. Делови од описите и ставовите изнесени во овој документ се изоставени како неопходна мерка за спречување на веројатноста од препознавање и разоткривање на нечиј идентитет. Оваа анализа треба да поттикне дијалог за промени на состојбата со сексуалните работници и иницијатива за изнаоѓање квалитетен модел прифатлив за сите, вклучувајќи ги и сексуалните работници.

Табела бр. 1: *Сеопфатен примерок, фреквенција и процент по градови во кои се интервјуирани сексуалните работници*

| | | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Град | СКОПЈЕ | 120 | 38,7 |
| | НЕОДГОВОРЕНО | 2 | 0,6 |
| | СТРУМИЦА | 66 | 21,3 |
| | ГЕВГЕЛИЈА | 2 | 0,6 |
| | ОХРИД | 25 | 8,1 |
| | СТРУГА | 25 | 8,1 |
| | ГОСТИВАР | 70 | 22,6 |
| | Вкупно СР | **310** | **100,0** |

Истражувањето се изведуваше со примена на методологија за квантитативни истражувања, врз основа на прашалник со претходно понудени одговори само со можност за заокружување, освен кај прашањето за возраста каде што секој испитаник посебно ја наведуваше својата возраст во години. Теренскиот истражувачки тим беше составен од лица блиски до целните групи опфатени со истражувањето и запознаени со проблематиката на истражувањето. Пред почетокот на истражувањето, теренските истражувачи беа запознаени со целите и намерите на истражувањето и обучени за специфичните истражувачки методи. Анкетните прашалници ги пополнуваа теренските истражувачи за да се исклучи можноста од појава на нецелосно пополнети прашалници и произволни одговори. На теренските истражувачи им беше сугерирано да инсистираат на поголема прецизност во потполноста и вистинитоста на одговорите и искреноста на испитаниците.

Изборот на примерокот се изведуваше врз основа на претходни сознанија за целните групи опфатени со истражувањето и особено се внимаваше на намалување на можноста за пропусти и грешки. Обработката на податоците се изведуваше со помош на компјутерската програма за анализа на квантитативни податоци СПСС (SPSS). Внесувањето на податоците во базата на податоци и нивната обработка беше од страна на обучени лица.

Истражувањето беше анонимно и доверливо, а сите податоци се анализирани збирно. Истражувачите и луѓето вклучени во понатамошната обработка на податоците се обврзани да ги почитуваат анонимноста на испитаниците и доверливоста на податоците.

## Правна рамка и политички контекст

Од осамостојувањето до сега, сексуалната работа во Република Македонија е регулирана како прекршок против јавен ред и мир. Во согласност со член 19 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир (Службен весник на РМ бр. 66/2007), прекршочно ќе се казни оној кој се оддава на проституција за што ќе му се изрече глоба од 600 до 800 евра во денарска противвредност.

*„Кој се оддава на проституција, како и издава, односно става на располагање простории за вршење на проституција ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност.*
*Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице и трговец поединец кој врши угостителска дејност ако издава, односно става на располагање простории за вршење на проституција.*
*За прекршокот од ставот 2 на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност.“*

Интересно е дека во претходниот Закон за прекршоци против јавниот ред и мир (Службен весник на СРМ бр. 25/72, 30/72, 29/83, 34/83, 51/88 и 19/90 и Службен весник на Република Македонија бр. 26/93) со членот 22 се регулирало не само оддавањето на проституција, туку и посредувањето во проституција (*Кој се оддава на проституција, друг наведе на проституција или посредува во вршење на проституција, како и кој издава односно отстапува простории за вршење на проституција*), а со донесувањето на Кривичниот законик во 1996 година посредувањето при вршење на проституција е подигнато на ниво на кривично дело. Сепак во овој Закон кој се применуваше во пракса сѐ до 2007 година, во оваа одредба не се интервенираше со цел усогласување со КЗ, туку се интервенираше само во однос на видот и на висината на санкциите. Исто така е интересно да се забележи дека по осамостојувањето на Република Македонија, поточно со измените од 1993 година се забележува значително зголемување на санкциите за овој прекршок. Со донесувањето пак на Законот за прекршоци против јавниот ред и мир во 2007 година, прекршокот со кој се санкционира сексуалната работа е преформулиран така што се забранува само личното занимавање со сексуална работа, а исто така дополнително се зголемува и висината на санкцијата (од 1 до 2 и ¼ плати се зголемува на 600 до 800 евра). Важно е да се каже и дека иако со актуелниот Закон за прекршоци против јавниот ред и мир јасно е прецизирано кои се целите на овој закон (член 2), како и јасно е дефинирано што се смета за јавен простор (член 3), сепак во пракса досега прекршочната одредба со која се регулира сексуалната работа како прекршок против јавниот ред и мир на граѓаните се применуваше независно дали лицето давало сексуални услуги во јавен или приватен простор.

Како што е наведено погоре со постоечката законска регулатива, прекршокот се однесува пред сѐ на индивидуалната сексуална работа, односно на самостојното работење, додека посредувањето, односно организирањето на сексуална работа претставува кривично дело „Посредување при вршење проституција“ според член 191 од Кривичниот законик на РМ.

***Член 191***

*„(1) Тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува лица на проституција или тој што на кој и да е начин учествува во предавање на лице на друг заради вршење проституција, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*
*(2) Тој што заради заработувачка му овозможува на друг користење на сексуални услуги, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.*
*(3) Тој што заради заработувачка со сила или со сериозна закана злоупотреба на сила ќе присили или со измама ќе наведе друго лице на давање сексуални услуги, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*
*(4) Ако делото од ставовите 1, 2 и 3 е сторено со малолетно лице, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*
*(5) Ако делото од ставовите 1, 2 и 3 е сторено со дете, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.*
*(6) Тој што организира вршење на делата од ставовите 1 до 5 или делата ќе ги стори при вршење на семејно насилство, ќе се казни со затвор од една до десет години.“*

И за оваа законска одредба е карактеристично што од донесувањето на македонскиот Кривичен законик во 1996 година е менувана единствено заради зголемување на казните, но не и за нејзино квалитативно менување. Историјата на текстот на оваа одредба, исто така, ја потврдува политиката која се наметнува во врска со сексуалната работа и тенденцијата за построго санкционирање. Така во 2008 година казната за ова кривично дело дури двапати се изменува законски, најпрво со измените од јануари 2008 година се зголемува само минималната казна и тоа од 6 месеци на 1 година во ставот 1 (еден) и од 6 месеци на 3 години во ставот 3 (три), додека со измените од ноември 2008 година драстично се зголемуваат казните од членот 191, па така во ставот 1 минималната казна од 1 година сега се зголемува на 5 години, а максималните 5 на 10 години затвор, додека во ставот три се одредува казна од најмалку 8 години, што е дури двојно поголема минималната казна од казната определена за основното дело трговија со луѓе (КЗ-418-а).  Законодавцот воопшто не ги зема предвид и останатите одредби изменети и дополнети во Кривичниот законик, а кои се однесуваат на ова прашање. Имено,  очигледна е намерата на законодавецот при носењето на Кривичниот законик во 1996 година да се криминализира и да се санкционира присилувањето и искористувањето на сексуалната работа е нешто што го потврдува и правната наука од тоа време (Кривично право – Посебен дел, д-р Владо Камбовски). Меѓутоа, во 2004 година се донесени посебни одредби за трговија со луѓе и експлоатација на сексуалната работа, а постоечката одредба за посредување во проституција остана во сила со изменета санкција. Со тоа се остава простор оваа одредба во пракса да се применува најчесто за прогон и кривично гонење на сексуалните работници кои, најчесто заради безбедносни причини, работат заедно (по две и повеќе), а особено оние кои работат во затворен простор (станови). Искуството покажува дека кога неколку сексуални работници доброволно и самостојно работат во заеднички простор, една сексуална работничка е обвинета за подведување во вршење проституција, додека останатите сексуални работници се повикани како сведоци. Ваквата законска регулатива придонесува за криминализација на сексуалната работа, маргинализирање и непочитување на правата на сексуалните работници и со тоа и до правна несигурност за нив.

Актуелната политика за одредено прашање може да се анализира не само преку начинот на законското регулирање туку и преку начинот на имплементација на одделни одредби. Од работата со сексуалните работници, документирани се бројни случаи на неконзистентна и арбитрарна примена на законите со што директно се повредуваат правата на сексуалните работници. Во минатото постоеле обиди да се криминализира сексуалната работа преку примената на членот 205 од Кривичниот законик, кој го регулира кривичното дело „Пренесување заразна болест“.

***Член 205***

*„Тој што со кршење на прописи или наредби со кои надлежен орган определува прегледи, дезинфекција, издвојување на болни или некои други мерки за сузбивање или спречување на заразни болести кај луѓето или со вработување или држење на лице кое боледува од заразна болест со вршење на полово дејствие или на друг начин, предизвика пренесување на заразна болест, ќе се казни со парична казна или со затвор до три година.“*

Во ноември 2008 година беше спроведена полициска акција во дел од градот каде што на отворена сцена со години се одвива сексуална работа и беа уапсени повеќе од 30 лица, од кои 23 сексуални работнички. Имено, уапсените сексуални работнички беа лишени од слобода без притоа да бидат информирани која е причината за тоа, им беа ускратени основните права загарантирани за лица лишени од слобода, беа држени во полициска станица повеќе од 20 часа, во нечовечки услови, навредувани и понижувани, но и фотографирани и снимени од страна на службените лица. Во текот на целата вечер не беа изведени пред истражен судија, а утредента без нивна изречна согласност беа тестирани за ХИВ и др. заразни болести. Врз основа на овие резултати и само поради фактот дека даваат сексуални услуги за пари, без никакви други докази, 7 од 23-те сексуални работнички, кои беа носители на хепатитис Ц вирусот, беа прогласени за виновни за кривично дело по членот 205 од КЗ и беа осудени на условна осуда.

Од друга страна, пак, Република Македонија како членка на ООН и Советот на Европа, но и уставно декларирана како демократска и правна држава ги има потпишано и ратификувано сите поважни меѓународни договори и документи за заштита на човековите права на сите граѓани и останати лица кои престојуваат во неа. Заштитата на сите човекови права и нивното уживање е исто така гарантирано и со Уставот на РМ, како и со повеќето закони. Меѓу другото, со сите овие меѓународни и национални документи се гарантира еднаквост во уживањето на загарантираните права на сите луѓе во сите сегменти на живеењето, независно од пол, род, раса, образование, етничка припадност, социјален статус и други карактеристики. Оттука произлегува дека и на сексуалните работници подеднакво би требало да им се гарантирани истите човекови права како и на останатите граѓани во РМ.

Националната стратегија за ХИВ 2012 – 2016 ги идентификува сексуалните работници како група луѓе со ризично однесување за кои е потребно да се фокусираат специфични интервенции.[2] Стратегијата ги препознава асоцираната стигма и дискриминација спрема сексуалните работници како значаен фактор кој треба да се има предвид при креирањето и спроведувањето на активностите. Затоа една од стратешките интервенции се зајакнување и поддршка на иницијативите на заедницата на сексуални работници и нивно значајно вклучување во процесите на планирање, на имплементација и на проценка на политиките и на сервисите наменети за сексуални работници и сензитивизација на социјалните, на здравствените работници, на медиумите и на претставниците на Полицијата со цел креирање на поддржувачка средина за ефективна превенција на ХИВ/СИДА/СПИ меѓу сексуалните работници.

Ваквата национална легислатива поврзана со сексуалната работа и уште повеќе нејзината примена во пракса со репресивни политики од страна на органите за спроведување на законите придонесуваат за постоењето и одржувањето на системската дискриминација, насилството и експлоатацијата врз сексуалните работници.

Овде е потребно да се потенцира дека иако во сите законски одредби, како прекршочни, така и кривични, со кои се регулира сексуалната работа и дејствијата поврзани со сексуална работа се користи терминот „проституција“, во оваа анализа ние ќе го користиме меѓународно прифатениот термин „сексуална работа“, термин кој е создаден од самите сексуални работници и е нестигматизирачки и недискриминирачки. Исто така иако во законските одредби сѐ уште се користи терминот „проституција“, сепак во националната стратегија за ХИВ се употребува терминот „сексуална работа“, односно „сексуални работници“.

**2** Влада на Република Македонија. Национална стратегија за ХИВ 2012 – 2016.

## Општ контекст во кој се одвива сексуалната работа

Од досегашното искуство на давање правни и социјални услуги на сексуалните работници до сега се воочи дека иако правните и социјалните проблеми на сексуалните работници се најразлични, сепак најчесто се соочуваат со насилство и малтретирање од различни субјекти, нешто што директно се одразува на нивното чувство за безбедност, но и на фактичката безбедност. Од овие причини и при изготвувањето на прашалникот за оваа анализа акцентот се стави на прашањата за насилството, безбедноста и останатите проблеми поврзани директно со вршењето на сексуалната работа како дејност. Исто така поради утврдување на контекстот во кој се врши сексуалната работа, како и обемот и интезитетот на проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници, особено насилството и безбедноста, при анализата особено беше земена предвид и локацијата на која се врши сексуалната работа во Македонија.

4.1. Демографски карактеристики

Заради утврдување на контекстот во кој се врши сексуалната работа во Македонија важно беше да се опфатат поголем број сексуални работници, кои работат на различни локации и начини, поради што со истражувањето беше опфатен репрезентативен примерок од 310 сексуални работници во 7 (седум) градови во Македонија, и тоа: Скопје, Струмица, Гевгелија, Охрид, Струга и Гостивар.

Табела бр. 1: Сеопфатен примерок, фреквенција и процент по градови во кои се интервјуирани сексуалните работници

| | | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|---|
| **Град** | СКОПЈЕ | 120 | 38,7 |
| | НЕОДГОВОРЕНО | 2 | 0,6 |
| | СТРУМИЦА | 66 | 21,3 |
| | ГЕВГЕЛИЈА | 2 | 0,6 |
| | ОХРИД | 25 | 8,1 |
| | СТРУГА | 25 | 8,1 |
| | ГОСТИВАР | 70 | 22,6 |
| | Вкупно СР | **310** | **100,0** |

Исто така заради добивање на посеопфатна слика за целокупната состојба на сексуалните работници и на сексуалната работа во нашава земја, важно е да се анализираат и општите податоци како на пример пол и род, возраст, територијата на која работат, локациите и начините на работа.

Па така, од интервјуираните 310 сексуални работници, 264 испитаници (85,2 %) се од женски пол, 43 испитаници (13,9 %) се од машки пол, 2 испитаника (0,6 %) одговориле дека се неопределен пол, а 1 од испитанците воопшто не одговорил. На прашањето од кој род се, 282 испитаници се изјасниле како жени, што претставува 91 % од вкупниот број, додека само 23 или 7,4 % се изјасниле како мажи, а останатите 20 се трансродни лица.







Важно е да се каже дека сите сексуални работници кои здруженијата ги контактираат се полнолетни, па оттука и сите испитаници се полнолетни, а нивната возраст се движи од 18 години до 60 години. Најмногу од испитаните сексуални работници, дури 133, се на возраст 20 – 29 години, додека 109 се во возрасната граница од 30 до 39 години. На возраст од 40 до 49 има 39 сексуални работници, а на возраст од 50 до 59 има 18. На возраст од 18 години има 4, на 19 години 5, а најмалку има на возраст од 60 години, односно само 2 сексуални работници. Од ова може да се заклучи дека најголем дел од интервјуираните сексуални работници или 242 (78 %) се млади лица на возраст 20 – 39 години.

| **Возрасна група** | 18 | 19 | 20 – 29 | 30 – 39 | 40 – 49 | 50 – 59 | 60> |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на сексуални работници** | 4 | 5 | 133 | 109 | 39 | 18 | 2 |
| Вкупно | **310** | | | | | | |

Меѓутоа, оваа анализа, исто така, покажа дека иако сега контактираните и интервјуирани сексуални работници се сите полнолетни, од 310 интервјуирани сексуални работници дури 158 или 50,9 % одговориле дека со сексуална работа започнале да се занимаваат пред полнолетството. Приближно две третини, поточно 63,3 % од сексуалните работници кои започнале да работат како малолетни почнале на возраст 15 – 17 години, а останатите 58 сексуални работници на возраст од 12 до 14 години.

Оваа анализа се однесува на доброволната сексуална работа што претставува доброволна размена на материјални добра и сексуални услуги меѓу возрасни лица без никава присила. Оттука сосема очекувано 98,4 % од интервјуираните сексуални работници одговориле дека доброволно работат сексуална работа, а само 1 % од останатите 0,6 % одговориле негативно. Сепак, имајќи предвид дека анкетираните продолжиле и понатаму да одговараат на поставените прашања и од поединечната анализа на нивните одговори

може да се разбере дека доброволно се занимаваат со сексуална работа, па поради тоа нивните одговори во понатамошната анализа се земени предвид.

#### 4.2. Локации и начини на извршување на сексуалната работа

Интервјуираните сексуални работници работат на целата територија на Република Македонија, но повремено некои изјавиле дека работат и во странство. Најчесто сексуалните работници изјавиле дека работат во следниве градови: најмногу од испитаниците работат во Скопје – 163, потоа во Гостивар – 97, па Тетово – 55, Охрид – 49, Струмица – 45, Струга – 41, Кичево – 38, Гевгелија – 15. Во значително помал број сексуалните работници одговориле дека давале услуги и во останати градови и села низ Македонија (Радовиш – 8, Битола и Штип по 7, Велес – 6, Ново Село, Дојран и Богданци по 3, Куманово, Дебар, Прилеп и Ресен по 2 и Кочани, Кавадарци и Пробиштип по 1). Од ова може да се заклучи дека најголем дел од сексуалната работа се одвива во главниот град, туристичките и пограничните места, каде што има најразвиена економија, поголемо присуство на финансии и поголема фреквенција на луѓе, посетители, туристи како потенцијални клиенти, за разлика од помалите места со недоволно развиена економија и пазар. Од ова се исклучок градовите  Гостивар, Тетово и Кичево кои, иако се помали места со не толку развиен туризам и не се директно на граница, сепак значителен број од сексуалните работници ги навеле како место каде што работат.

Во однос на локациите на кои работат, од резултатите може да се утврди дека повеќе од половината, односно 175 или 56,5 % од испитаните сексуални работници услуги даваат во хотел, потоа 110 испитаници или 35,5 % најчесто работат во кафеана, во стан по избор на клиентот услуги даваат 104 или 33,5 %, додека во стан по нивни избор одговориле дека работат 76 или 24,5 % од испитаниците, а во ноќен клуб работат само 51 сексуален работник или 16,5 %. Иако за општата популација највидливи се сексуалните работници кои работат на отворена сцена, сепак нивниот процент во однос на другите е значително помал, односно само 88 сексуални работници или 28,4 % од испитаните 310 одговориле дека работат на улица. Бидејќи за ова прашање беа можни повеќе одговори, од нивното вкрстување се гледа дека поголем дел од сексуалните работници кои одговориле дека работат на улица всушност одговориле исто така дека работат и во затворени простории (хотел, кафеана, станови) или возило од што може да се заклучи дека значителен дел од овие сексуални работници, всушност, отворените сцени ги користат за наоѓање клиенти и договарање, додека самата сексуална услуга ја даваат во затворен простор или во возило.

Сепак, како начин за наоѓање и контактирање со клиенти, како и за договарање на работата, најголем дел од интервјуираните сексуални работници, па и тие кои работат и на отворена сцена, односно дури 186 или 60 % одговориле дека работата, односно договарањето за сексуални услуги со клиентите најчесто го прават по телефон или на интернет. Од искуствата на организациите, ова е ситуација од последниве 5 до 7 години кога мобилните телефони и интернетот им станаа подостапни на сексуалните работници. Пред тоа за пронаоѓање и договорање на клиенти повеќето сексуални работници мораа да излезат на отворено, да соработуваат со посредници или да ги огласат своите услуги преку јавен оглас. Со развојот на комуникациските технологии сексуалните работници го менуваат начинот на работа, па сè помалку се достапни на програмите за поддршка, што придонесува за зголемен ризик по нивното здравје и безбедност.

#### 4.3. Проблеми со кои се соочуваат сексуалните работници

*„На улица нè брка Полицијата и луѓето, во хотел клиентите нè тепаат и не ни плаќаат, во кафана има полициски рации. Кај и да се свртиш само проблеми, дури и од дома.“*

Како резултат на маргинализираната положба на сексуалните работници во нашето општество, како што е опишана во претходните поглавја, дури 86,4 % од интервјуираните одговориле дека во текот на работата се соочуваат со различни проблеми, додека само

42 сексуални работници или 13,5 % изјавиле дека немаат никакви проблеми во текот на работењето. Иако на ова прашање немаше однапред зададени одговори, туку беше оставено на самите испитаници да ги наведат проблемите со кои се соочуваат, сепак во нивните одговори доминираат како најистакнати неколку проблеми.

### 4.2.1 Проблеми со наплата за дадените сексуални услуги

Како главен проблем сексуалните работници ги предочиле потешкотиите со наплатата на сексуалните услуги, односно речиси половина или 42,1 % од сексуалните работници кажале дека клиентите не им плаќаат за услугите или не им плаќаат колку што се договориле: *„Клиентите лажат и не плаќаат за сексуалните услуги“* , *„Со луѓе, не сакаат да плаќаат, а ги добиле услугите...“ „Со муштерии, сакаат евтино, малтретираат ако не се задоволни ни ги земаат парите“*.

Од друга страна, сексуалните работници изјавиле дека во такви ситуации немаат каде да пријават бидејќи Полицијата не ги сфаќа сериозно и не ги пријавува овие случаи, па така изјавиле: *„Не ми плаќаат клиентите и ме тепаат, и немам кому да ги пријавам, Полицијата не превзема ништо“*.

### 4.2.2 Насилство и малтретирање во текот на работата

Иако најголем дел од интервјуираните одговориле дека потешкотиите со наплата се главниот проблем, сепак речиси исто толку сексуални работници изјавиле дека во текот на работата или во врска со работата која ја работат сериозен и доста застапен проблем е насилството. Од нивните одговори може да се заклучи дека се изложени на повеќе форми на насилство, додека во однос на сторителите на насилството најчесто тоа се клиентите. Од искуствата на организациите се истакнува насилството врз сексуалните работници како значаен и чест проблем, нешто што впрочем го потврди и оваа анализа поради што насилството ќе биде анализирано во посебно поглавје.

### 4.2.3 Останати проблеми

Како останати проблеми сексуалните работници ги наведуваат семејните проблеми (развод, одземање, односно недоделување на старателство на деца), финансиски проблеми, несоодветни услови за работа (студ, топло), нарушување на приватноста (снимање, проширување на информацијата за нивната работа), дискриминација и др.

Особено важно за дискриминацијата е дека во повеќето одговори има информации за нееднаков третман од страна на институциите, меѓутоа многу малку таквиот однос од институциите го препознаваат како дискриминација.

## 4.3 Кој им помага кога имаат проблеми?

Од друга страна, пак, во ситуации кога се соочени со погоренаведените проблеми, дури 36,8 % од испитаните сексуални работници одговориле дека немаат, односно не очекуваат помош од никого (*„никој не е нè погледнал, а камоли помогнал“*), а само 1,3 % одговориле дека очекуваат или добиле помош од Полиција, нешто што се должи на дискриминирачкиот третман или злоупотреба на службената положба (*„...кога пријавувам во Полиција дека ме тепаат клиентите Полицијата не превзема ништо“, „...Полицијата ме злоупотребуваат наместо да ме штитат“).* Овие резултати само ги потврдуваат и резултатите од истражувањето на Реактор во 2012 година каде што се гледа дека сексуалните работници во случај на насилство не пријавуваат во Полиција, иако Полицијата за сите граѓани би требало да е првиот орган каде што

тие ќе побараат помош и заштита.[3]

- Испитаните сексуални работници во ситуација кога немаат помош од институциите на системот помош бараат и очекуваат од:
- невладини организации (32,6 %), *„здруженија кои работат со оваа група, особено со бесплатните гинеколошки прегледи, тестирањата за ХИВ и опрема за заштита“,*
- односно од други сексуални работници, т. е. колега/колешка (33,5 %).

| | | |
|---|---|---|
| **Кој ти помага за решавање на проблемите?** | Дечко | |
| | Другар / другарка | **15,5%** |
| | Колега / колешка | **33,5%** |
| | Посредник | **7,1%** |
| | Полиција | **1,3%** |
| | Семејство | **1,3%** |
| | Здружение | **32,6%** |
| | Никој | **36,8%** |

### 4.4 Насилство врз сексуалните работници

Од анализата на одговорите на интервјуираните сексуални работници произлегува дека тие во врска со својата работа континуирано се изложени на насилство и на малтретирање.

Дека биле малтретирани поради сексуалната работата потврдиле 211 сексуални работници или 68,1 % од испитаните 310 сексуални работници.

Најголем дел од испитаните сексуални работници ги идентификувале клиентите како проблематични, односно лица од кои трпат насилство, додека значително помалку одговориле дека биле малтретирани од Полицијата и од семејството, а незначителен број одговориле дека проблеми им создаваат посредниците.

#### 4.4.1 Форми на насилство

Од наративните одговори на сексуалните работници во дадените прашалници може да се утврди дека тие биле подложени на разни форми на малтретирање и насилство при работењето или поради тоа што се занимаваат со сексуална работа. Во одговорите на сексуалните работнички се препознава насилство изразено во форма на психичко, на физичко и на сексуално насилство.

##### 4.4.1.1 Психичко насилство

Испитаните сексуални работници изјавиле дека најчесто трпат психичко насилство. Психичкото насилство како што опишуваат сексуалните работници се манифестира преку навреди (*„навредувана со погрдни зборови“*), омаловажувања (*„чувство дека клиентот ме поседува како предмет“*), пцуење, етикетирање (*„...етикетирање од типот проститутки, курви“*), закани, уцени и сл. (*„тепање, шамарање, вреѓање“, „изживување, вреѓање, психичко малтретирање...“*) поврзани со сексуалната работа.

---

3 Реактор – Истражување во акција. Истражување за опсегот на родово-базираното насилство врз жените и девојките на јавни места во Скопје, 2012.

#### 4.4.1.2 Физичко насилство

Физичкото насилство поврзано со вршењето на сексуалната работа е исто така присутно, а сексуалните работници го опишуваат како тепање, кубење, влечење, удирање шамари и сл. („тепана, навредувана, понижувана, неплаќање услуга, заканување" , „...кубење на коса за време на секс", сум бил повреден физички...").

#### 4.4.1.3 Сексуално насилство

Меѓутоа најзагрижувачки се изјавите на сексуалните работници кои укажуваат на сексуално насилство врз нив како од страна на клиенти, така и од страна на Полицијата. Конкретно за сексуалното насилство 38 од испитаните сексуални работници или 19,8 % навеле во своите одговори дека барем еднаш биле подложни на ваков вид насилство. Особено индикативно е што само 4 сексуални работници изјавиле дека биле силувани, иако од нивните описни одговори произлегува дека овој број е многу поголем само што тие и самите не ги препознаваат елементите на силувањето. Од испитаните сексуални работници 8 изјавиле дека биле присилени да имаат секс со повеќе лица. Така некои од нив изјавиле: *„Имам многу проблеми со клиенти, поради односите, договорите околу тоа дека не сакаат од напред туку само од позади ", „ Ако со еден се договарам и еден дојде спијам со него, ...", Непочитување на договорот, задржување и ...", „...Се договарам со еден, а ми идат двајца и "*, *„Грубо однесување, див и груб секс понекогаш и со мавање шамари", „Консумирање на дрога , , ...", „ Секакви има, безобразни, те зима те малтретира , пушта 5-6 души".* Она што произлезе од оваа анализа, а што ги потврдува искуствата од работата, е тоа дека сексуалните работници се изложени на голем ризик од сексуално насилство и силување и повеќето барем еднаш биле силувани или присилени на сексуални дејствија спротивно на нивната волја. Од анализата на одговорените прашања произлегува дека 19,8 % од интервјуираните сексуални работници најмалку еднаш искусиле сексуално насилство најчесто од клиенти, но неретко и од полицајци. Меѓутоа одговорите на испитаниците, како и искуството на невладините организации исто така потврдуваат дека сексуалните работници не секогаш го препознаваат сексуалното насилство, туку за одредени ситуации и самите тие сметаат дека *мораат да трпат* и работи кои се спротивни на нивната волја само поради тоа што се занимаваат со сексуална работа, иако поради таквите дејствија тие се чувствуваат понижено, обесправено, навредено, посрамотено, повредено и сл. Така сексуалните работници во наративниот дел дале одговори дека откако клиентите ќе ја добијат договорената услуга не им плаќаат или им ги земаат парите, или пак клиентите спротивно на договореното и против нивната волја ги задржуваат подолго време, или ги принудуваат на одредени сексуални активности иако тоа не било ниту договорено ниту платено, или пак е целосно спротивно на нивната волја (силување од повеќе луѓе, анален секс, насилен секс, присилување да имаат секс повеќепати со истото лице и сл). Меѓутоа, најзагрижувачко од сè е тоа што дури 10 % од испитаниците/испитаничките биле присилени од страна на клиентите да имаат сексуален однос без кондом притоа изложувајќи ги на ризик од пренесување заразни болести.

### 4.4.2 Субјекти кои вршат насилство врз сексуалните работници

Во однос пак на тоа од кого најчесто трпат насилство, од тие што одговориле позитивно на ова прашање, дури 87,6 % изјавиле дека се малтретирани од страна на нивните клиенти, додека 43,1 % изјавиле дека се малтретирани од страна на Полицијата, независно од локацијата на која работат. Не е занемарлив и процентот од 28,4 % сексуални работници кои одговориле дека се малтретирани од нивните семејства. Најмалку од сексуалните работници кажале дека се малтретирани од нивните пратнери, односно од нивните посредници.

Од одговорите на испитаниците особено е воочливо дека и покрај тоа што сите се полнолетни граѓани, Полицијата сепак ги информира нивните семејства дека се занимаваат

со сексуална работа, што им создава големи проблеми и е најчесто причина да бидат разоткриени пред семејствата што работат, па поради тоа да трпат и насилство. Така дури 19,4 % изјавиле дека поради сексуалната работа која ја работат трпат насилство од член на семејство, а 10,6 % трпат насилство од партнер/сопруг од што може да се заклучи дека дури 30 % од интервјуираните сексуални работници се или биле жртви на семејно насилство. Високиот процент на семејно насилство врз сексуалните работници претставува уште една последица на предрасудите и на стигмата кои постојат во врска со сексуалната работа во нашево општество. (*„Полицијата ме приведува и ме носи дома и дома имам после проблеми со родителите*", ...*„ме чуваат дома затворена*", *„најголем проблем е моето семејство бидејќи ме пронаоѓа на местата каде работам и ме затвараат дома*...", *„не ме оставаат од дома да ја работам работата, ме навредуваат, ме тепаат од дома*...").

Иако од ова истражување не можеме да издвоиме статистички податок, сепак од одговорите на испитаните сексуални работници, како и од деценискoто искуство во давањето правни услуги произлегува дека од насилното постапување на Полицијата или пак од индиферентниот однос спрема насилството врз сексуалните работници од трети лица се охрабруваат насилните клиенти и со тоа се придонесува и за зголемување на насилството од страна на клиентите, а од друга страна се придонесува за непостоење доверба во институциите кај сексуалните работници и со тоа нивно поголемо маргинализирање, стигматизирање и дискриминирање во однос на останатите граѓани. Резултатите од оваа анализа во врска со насилството и односот на Полицијата спрема сексуалните работници само го потврдува фактот дека правата на сексуалните работници во Република Македонија не се почитуваат и дека сексуалните работници се дискриминирани во нашево општество, особено од институција која треба да ги штити правата на сите граѓани подеднакво.

Исто така и во овие одговори каде што испитаниците изјавиле дека трпат различен вид насилство, тие изјавиле и дека се чувствуваат беспомошно и дека нема од кого да побараат помош во такви ситуации (*„немање заштита и начини како да се заштитам од клиенти – насилници", „ не ми плаќаат клиентите и ме тепаат, и немам кому да ги пријавам, Полицијата не превзема ништо", „...Полицијата ме злоупотребуваат наместо да ме штитат"*).

4.4.3 Зачестеност на насилството

Во однос на зачестеноста на ваквото малтретирање, најмногу одговориле дека малтретирање од клиенти и од Полиција им се случува барем еднаш во месецот, дел одговориле дека тоа се случува најмалку еднаш неделно, додека тие што се малтретирани од семејството одговориле дека секојдневно се соочуваат со малтретирање.

Ваквиот обем и интензитет на насилство и непочитување на правата дејствува демотивирачки за 26,5 % од интервјуираните сексуални работнички, но за 30,6 % иако е демотивирачко изјавиле дека продолжуваат да работат. На ова прашање не одговориле дури 31 % од испитаниците.

**4.5 Безбедноста на сексуалните работници**

Од резултатите добиени со оваа анализа се потврдува искуството на здруженијата кои работат со сексуалните работници дека не се чувствуваат безбедни во текот на работата од причини што често се соочуваат со насилство и малтретирање поради сексуалната работа и, што е најважно, дека во такви случаи сексуалните работници немаат помош од Полицијата како примарна институција/орган за превенција и заштита од насилство.

Од интервјуираните 310 сексуални работници, 192 или 61,9 % одговориле дека не се чувствуваат безбедни при работењето на сексуалната работа, а 97, односно 31,3 % одговориле дека се чувствуваат безбедни.

Како што покажа оваа анализа, безбедноста на сексуалните работници зависи од повеќе надворешни фактори, и тоа од локацијата на која работат, насилството и малтретирањето што ги трпат, непостапувањето на институциите, како и од постоечката законска регулатива.

Од вкрстените резултати произлезе дека степенот на безбедност многу зависи од

локацијата на која работат, на пример дали е тоа во угостителски објект или хотел, на отворена сцена (улица) или е во стан по избор на сексуалниот работник.

Така најнебезбедно се чувствуваат сексуалните работници кои работат во угостителски објекти, односно дури 77,3 % од испитаниците кои изјавиле дека работат во угостителски објект изјавиле и дека се чувствуваат небезбедно. Многу небезбедно, дури 71,6 %, изјавиле дека се чувствуваат и сексуалните работници кои работат на отворена сцена (улица). Сепак, иако во просек 61,9 % од интервјуираните сексуални работници изјавиле дека не се чувствуваат безбедно, може да се каже дека сексуалните работници кои изјавиле дека работат во стан по нивен избор и кои клиентите ги наоѓаат и ги договараат преку телефон и интернет се чувствуваат побезбедно во однос на останатите испитаници.

Од искуствата на здруженијата кои работат со сексуални работници можеме да заклучиме дека сексуалните работници кои изјавиле дека работат во стан по нивен избор и кои клиентите ги наоѓаат и ги договараат преку телефон и интернет се чувствуваат побезбедни од останатите затоа што сепак имаат најголема контрола врз изборот на клиентите и договарањето на работата, работат во групи, што од една страна им дава сигурност, а од друга страна ги обесхрабрува клиентите да вршат насилство, а полицајците да постапуваат спротивно на законските одредби. Ова секако ја намалува нивната ранливост и изложеност на насилство како од клиентите, така и од Полицијата. За разлика од нив, сексуалните работници кои работат во кафеани/ноќни клубови и на отворена сцена се со помала контрола врз изборот на клиенти и договарањето на работата, поголема конкуренција, поголема видливост во јавноста, што придонесува за поголема ранливост и со тоа почеста и поголема изложеност на насилство.

Следен фактор кој влијае на степенот на безбедност на сексуалните работници е изложеноста на насилство и малтретирање поради сексуалната работа. Но, повторно изложеноста на насилство и малтретирање тесно се поврзани со локацијата на која работат сексуалните работници. Имено, во просек 68,1 % од сексуалните работници изјавиле дека се малтретирани во текот на работата, независно на која локација работат. Меѓутоа од тие што работат во кафеана и ноќен клуб дури 80 % (што работат во кафеана), односно 81 % (што работат во ноќен бар) изјавиле дека се изложени на малтретирање и насилство, што секако се поклопува со исто така нискиот степен на безбедност кај овие испитаници. Но, исто така и сексуалните работници кои работат на улица изјавиле дека се чувствуваат многу небезбедно, дури 71,5 %.

Од сексуалните работници пак кои работат во стан по сопствен избор и кои ги договараат клиентите по телефон и интернет, 51,2 % од тие кои договараат по телефон, односно 63 % од тие кои работат преку интернет изјавиле дека се малтретирани во текот на работата, што исто така е висок процент на небезбедност и во споредба со останатите укажува дека сепак сексуалните работници кои работат на ваков начин се чувствуваат побезбедни во однос на останатите.

Меѓутоа на чувството за безбедност особено влијае фактот дека сексуалните работници се жртви на малтретирање од страна на Полицијата (48,1 %). Малтретирањето од страна на службени лица од Полицијата најчесто е изразено во вид на чести рации, задржување во полициски станици, навреди, омаловажување, деградирање, барање сексуална услуга без пари само за да „ги остават на мира“, незаконско одземање на заработените пари од сексуалните работници, уцени и закани, па така некои од нив кажале *„Проблеми со Полицијата, кога ќе ме затекнат на работно место ме приведуваат и ме малтретираат...*“, *„Проблеми со Полиција, нè бркаат од местата каде работиме, нè апсат по кафани, рации...“* или *„Полицијата ни бара пари (обезбедување, чувар), Полицијата им се заканува на муштериите, им ги зема парите“, „стрес од Полиција за да не ме казнат да одам во затвор...“*

Но, покрај ваквото малтретирање, сексуалните работници како причина за нивната небезбедност го наведуваат и непостапувањето од страна на Полицијата кога сексуалните работници се обиделе да пријават нивни проблеми. Многу од интервјуираните сексуални работници имаат кажано дека и кога се обиделе да го пријават насилството, Полицијата не постапила во согласност со своите законски овластувања по ваквото пријавување. Така, на пример, тие ќе кажат: *„Полицијата не превзема ништо кога пријавувам малтретирање*

*од страна на клиентите*". Сето ова придонесува да се зголеми јазот меѓу едните и другите, а со тоа и да се намали довербата на сексуалните работници во Полицијата. Па затоа сексуалните работници не само што не ги пријавуваат насилството и малтретирањето од службените лица во Полицијата туку и немаат доверба да пријават насилство и од трети лица (клиенти, посредници, семејство и сл). Ова се потврди со резултатите од добиените одговори каде што само 1,3 % од интервјуираните сексуални работници одговориле дека доколку имаат проблеми добиле или очекуваат помош од страна на Полицијата.

Од друга страна се изразува недоверба спрема Полицијата зашто не постапува по нивните пријави: *„...кога пријавувам во Полиција дека ме тепаат клиентите Полицијата не превзема ништо", „...Полицијата ме злоупотребуваат наместо да ме штитат" или „ никој не е нѐ погледнал, а камоли помогнал".*

Во услови на репресивна национална политика и недостаток на соодветна институционална заштита, сексуалните работници наоѓаат алтернативни начини да се заштитат од секојдневното насилство. Здруженијата на граѓани, посебно правната помош која им е достапна, е првиот избор за поголем дел од сексуалните работници кои беа опфатени со оваа анализа. Преку здруженијата, сексуалните работници добиваат информации за безбедноста на улица и вештини за комуникација со клиентите, па како превенција од насилство работат во групи со други сексуални работници, ги бележат регистарските таблички на возилата во кои влегуваат да работат и други мерки за нивна заштита.

Постоечката законска регулатива, која ја сместува сексуалната работа во недозволени и казниви дејствија, ги доведува сексуалните работници во положба да се кријат за да ја работат оваа работа. Ова дополнително ги маргинализира сексуалните работници поради што тие од една страна често се изложени на сериозно насилство и малтретирање, а од друга страна поради незаконската работа која ја работат не се мотивирани и не се охрабрени да побараат заштита од институциите на системот. Институциите на системот пак поради недозволеноста на нивната работа ги ставаат во понеповолна положба во однос на останатите граѓани непостапувајќи по нивните пријави за насилство од трети лица и со тоа ги зајакнуваат стигмата и предрасудите во врска со сексуалната работа и сексуалните работници.

Од ова може да се заклучи дека сексуалните работници во нашево општество не се безбедни и се изложени на малтретирање и на насилство, и се подложни на нееднаков третман од страна на надлежните институции кои би требало подеднакво да ги штитат сите граѓани. Сексуалните работници се оставени сами на себе и на малубројните организации кои им даваат бесплатна помош и поддршка поради што се наоѓаат во еден магичен круг од кој немаат излез во оваа правно-политичка констелација.

## 5. Мерки за самозаштита на сексуалните работници

Одговорите на досега анализираните прашања откриваат најголем дел од проблемите на сексуалните работници со кои тие се соочуваат при работата. Искуството во работата со сексуалните работници ги потврдува бројните повреди со кои тие се соочуваат на работното место, во средината во која живеат и во семејството. Поради ова анализата бара одговори и на прашањата за досегашното искуство на сексуалните работници во справувањето со ситуациите во кои им била потребна заштита. Имено, на прашањето *дали постојат мерки/закони кои досега ти помогнале кога ти била потребна заштита при работа*, само 47 (15 %) одговориле дека постојат мерки и закони кои им дале заштита. Од нив 32 % како мерка за заштита при работата ги навеле услугите кои ги добиваат сексуалните работници од здруженијата на граѓани, специфично правните услуги кои ги добиваат од одделни организации. Следна мерка за заштита која ја применуваат сексуалните работници е пријавувањето во Полиција, кое во неколку ситуации било успешно и резултирало со заштита на правата на сексуалниот работник. Така испитаниците одгова-раат*"...Полицијата некогаш спасува*", „*....сум се јавила на лице место и дошле (Полиција)*". Има примери кога сексуалните работници добиле заштита од Полиција, но во исто време биле жртва на повреда на правата од страна на Полицијата... „*Полицијата ме заштити, ама полицаецот го частев 100 денари и ми рече да не ме види уште еднаш*". Во два случаја центрите за социјална работа помогнале во решавање на проблемот на сексуалниот работник. Интересни се поединечните мерки кои дел од сексуалните работници ги преземаат со цел да се заштитат од потенцијалните насилници. Така, на пример, некои од сексуалните работници ги запишуваат бројките од регистарските таблички на возилото или пак преку телефон информираат блиско лице за регистарските таблички и локацијата на која отишла да работи со клиентот. Други, пак, како превенција од насилство користат присуство на трети лица на местото каде што работат, кои можат да ги заштитат од насилство и да посведочат за насилство или други повреди на сексуалните работници од страна на клиенти, Полиција или трети лица. Ова се, всушност, безбедносни мерки за намалување на ризиците при работа кои невладините организации преку обуки и брошури ги советуваат сексуалните работници да ги применуваат, посебно оние кои работат на улица. Најголем број од одговорите укажуваат на недостаток од заштита на сексуалните работници, а неколку сексуални работници изјавиле „*..никој не мѐ погледнал, камоли помогнал*".

Малиот број позитивни примени на мерките за самозаштита и на правилната примена на законите во заштитата на правата на сексуалните работници води до заклучок дека во моментов сексуалните работници немаат соодветна и ефикасна заштита на нивните права. Поради ова се бараат одговори од сексуалните работници за потребата од законско регулирање на доброволната сексуална работа и начинот на кој најдобро може да се регулира со цел да се намали бројот на повреди на нивните права, а во случај на повреда да можат да добијат ефикасна и навремена заштита. Во продолжение се анализирани одговорите за степенот на познавање на националната законска рамка со која се регулира сексуалната работа во Македонија и предлозите кои ги даваат испитаниците во насока на унапредување на постоечките закони и политики.

## 6. Знаења за начинот на кој е регулирана сексуалната работа

Од спроведеното теренско истражување се добиени одговори за степенот на познавање на постоечката правна рамка со која се регулира сексуалната работа во Македонија. Од вкупно 310 испитаници, само три сексуални работници не дале одговор на барањето да опишат како е регулирана сексуалната работа во Македонија. Најмногубројни се одговорите дека сексуалната работа во Македонија не е регулирана 125 (40.3 %), потоа следуваат оние кои тврдат дека сексуалната работа е забранета и се казнува (89 или 28,7 %), додека 80 (25,8 %) од испитаниците одговориле дека не знаат како е регулирана, а мал дел сметаат дека не се казнува (13 или 4,1 %). Испитаниците кои дале одговор дека сексуалната работа не е регулирана додаваат дека не постои закон и тие немаат заштита, немаат исти права како и останатите. Една испитаничка саркастично дала одговор: *„Ние (сексуалните работници) не сме луѓе, па да ја регулираат (сексуалната работа)*”**.**

Сексуалните работници кои дале одговор дека сексуалната работа е регулирана укажуваат на тоа дека е забранета и дека се казнува со парична казна или затвор. Интересна е констатацијата на една испитачника која не е сигурна како точно е регулирана, но врз основа на нејзиното искуство кога била приведена и притворена во полициска станица, таа заклучува дека *„сигурно сексуалната работа се смета за тешко кривично дело*“**.**

Сексуалните работници во своите одговори укажуваат дека немаат никаква заштита од страна на институциите, па затоа тие се присилени да работат тајно, дури и во случаи кога се жртви на насилство или друго кривично дело се плашат да пријават поради откривање на нивниот статус на сексуален работник. Иако само мал дел од испитаниците дале точен одговор за законската рамка и за начинот на кој е регулирана сексуалната работа, сепак останатите одговори од личните искуства и перцепцијата за тоа како е регулирана даваат објективна слика за начинот на имплементацијата на законите со кои се регулира сексуалната работа. Имено, најголем дел од сексуалните работници го опишуваат регулирањето на сексуалната работа  преку сопственото искуство, презир и отфрленост од општеството, третманот од институциите како сериозни криминалци, па дури и како убијци.

## 7. Ставови за регулирање на сексуалната работа

Во врска со прашањето дали доброволната сексуална работа треба да биде регулирана со закон, најголем дел од испитаниците 256 (82.5 %) одговориле дека треба да биде регулирана доброволната сексуална работа. Од сексуалните работници кои одговориле дека не треба да биде регулирана 16 (5 %), двајца одговориле дека работат комбинирано на улица или во кафеана/хотел. Сите останати кои сметаат дека сексуалната работа не треба да биде регулирана работат на затворени места во стан (независно дали по нивен избор или по избор на клиентот), кафеана, хотел и ноќен клуб. Останатите испитаници одговориле дека не знаат дали треба да се регулира сексуалната работа (32 или 10.3 %), од нив девет покрај другите локации работат на улица, а двајца испитаници кои работат во затворен простор одбиле да одговорат на прашањето ниту размислувале за можни форми на регулирање на доброволната сексуална работа во Македонија.




Поголем дел од сексуалните работници кои сметаат дека доброволната сексуална работа не треба да биде регулирана дале свое образложение за ваквиот став. Најдоминантни се одговорите дека со регулирањето на сексуалната работа ќе се навлезе во приватноста и ќе се откријат идентитетите на лицата кои се занимаваат со сексуална работа, а со тоа ќе се зголеми насилството спрема нив. Сексуалните работници стравуваат дека законското регулирање ќе води кон нивно регистрирање, ќе бидат разоткриени пред институциите, а со тоа ќе бидат жртви на дискриминација и осуда за тоа што го работат. Неколку сексуални работници појаснуваат дека доколку сексуалната работа не се регулира со закон ќе имаат подобри услови за работа, сексуалните работници ќе можат да работат по свое, каде што сакаат и кога сакаат. Регулацијата со закон ќе наметне обрска за евиденција на висината на заработката и бројот на клиентите, а со тоа и обврска да се плаќа на државата.

Сексуалните работници кои се согласуваат дека сексуалната работа треба да биде регулирана со закон даваат различни предлози за начинот на кој треба да се регулира и резултатите што треба да се постигнат со предложениот модел. Од вкупно 310 испитаници, 230 (74 %) дале предлог за некакво законско регулирање на доброволната сексуална

работа во Македонија. Дел (б=33) од испитаниците зборуваат за потреба од регулирање на сексуалната работа како и секоја друга работа, да се плаќаат придонеси за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување. Најголем дел од испитаниците (71 %) одговориле дека се согласуваат да одвојуваат дел од својата заработувачка за плаќање на давачки спрема државата доколку сексуалната работа во Македонија е дозволена и со тоа сексуалните работници би добиле здравствено и пензиско осигурување. Само 29 (9 %) одговориле дека не се согласуваат да плаќаат давачки на државата. Останатите испитаници (16 %) не знаат дали би одвоиле дел од заработувачката под наведените услови, а останатите не дале одговор на прашањето. Од одговорите не може да се утврди начинот на кој се предлага да се заснова работниот однос, но се предлага усвојување на посебен закон за сексуална работа со кој ќе се утврдат правата и обврските и начинот на работа. Во регулирањето на сексуалната работа како и секоја друга работа, сексуалните работници гледаат можност за менување на перцепцијата за оваа работа и намалување на насилството и на повредите на човековите права на лицата кои се занимаваат со сексуална работа. Како еден од начините за подобрување на правата на сексуалните работници дел од испитаниците ја гледаат во можноста од здружување на сексуалните работници во синдикати и други форми на здружувања преку кои ќе можат да ги остварат своите права.

Најголем дел од предлозите за законско регулирање на доброволната работа се однесуваат на отворање посебни затворени простории каде што сексуалните работници ќе можат да работат безбедно и заштитени од насилство. Интересен е податокот дека некои од испитаниците предлагаат токму Полицијата да биде таа која ќе ги штити затворените простории во кои би се одвивала сексуалната работа. Тие простории можат да бидат јавна куќа, хотел, барови, куќи или друг вид затворена просторија. Од анализата на одговорите за отворање посебни простории за сексуална работа, најголем дел од одговорите доаѓаат од сексуалните работници кои претежно работат на улица. Може да се претпостави дека нивниот предлог е заснован на нивното негативно искуство од работењето на улица, каде што во одделен дел од годината е студено, често се соочуваат со насилство од клиенти, од партнерите и од Полицијата. Во поткрепа на ова се и изјавите на дел од испитаничките кои посочуваат: „...*да работам во јавна куќа, да сум внатре на безбедно, ако треба ќе платам, но да бидам заштитена*...“, „*да имам заштита од државата, пензија, здравство, немаме сила повеќе за себе на улица да се справиме*...“, „*да работиме во куќа каде можеме да работиме на топло, сигурно*...“. Отворањето на одредена просторија подразбира раководење/стопанисување со неа, воспоставување правила на работа, куќен ред итн. Независно каков предлог за регулирање на сексуалната работа е даден, испитаниците во своите одговори многу често зборуваат за слободата во работењето, слободен избор на клиенти, самостојно одлучување без интервенции, отсуство на казни и др. Како што дел од испитаничките велат: „*Сами да си бидеме свои газди*...“, „*да можам да работам слободно без да манипулираат со мене, да нè штити Полицијата кога не нè малтретираат*...“, „*да се дозволи и да работиме слободно; закон да има како во други држави“, места и станови како бордели и јавни куќи да не се шетаме по улици и да ги губиме клиентите*”. Мал број сексуални работници даваат предлози за регулирање на сексуалната работа на начин што ќе плаќаат давачки на државата.

Во повеќето од одговорите на различни прашања сексуалните работници посочуваат примери од други земји или даваат предлози за регулирање на сексуалната работа во Македонија по примерот на европските земји. Во ниеден одговор не се наведува конкретен модел според кој локалните сексуални работници би сакале да се регулира сексуалната работа во Македонија. Степенот на познавање на моделите на регулирање на сексуалната работа во други земји (каде што сексуалната работа е легализирана, односно декриминализирана) од страна на сексуалните работници е значаен од аспект на формулирање предлози за измена на законите и на политиките во земјава. Затоа анализата ги прикажува одговорите на испитаниците во врска со значењето на легалната и на декриминализираната сексуална работа како специфични модели кои се јавуваат во одделни земји, а за кои подетален осврт ќе се даде во продолжение на анализата.

## 8. Знаења за постоечките модели за регулирање на сексуалната работа

### 8.1 Легализирана сексуална работа

За да може да се усвои модел на регулирање на доброволната сексуална работа во Македонија неопходно е да се оцени знаењето на самата заедница на сексуални работници за познавањето на постоечките модели на регулирање во другите земји. Имено, постојат повеќе начини на кои е уредена сексуалната работа во Европа и во светот. За потребите на оваа анализа значајно е да се направи проценка на знаењето на сексуалните работници за „легалната сексуална работа“ и „декриминализирана сексуална работа“ како различни форми на регулирање на сексуалната работа.

На барањето да се даде опис на значењето на „легална сексуална работа“, од вкупно 310 испитаници само 30 или 9,7 % не дале одговор. Останатите на свој начин даваат објаснување што подразбираат под легална сексуална работа. Најголем дел од испитаниците велат дека легална сексуална работа значи можност слободно да се работи како и кај другите професии „...да биде сексуалната работа исто како работата на полицаецот, докторот, столарот и др.“, „...исто како да сум вработена во фабрика“. Сексуалните работници гледаат придобивка од легалната работа бидејќи нема да бидат приведувани и казнувани од Полицијата, а во случај на повреда на нивните права ќе добијат заштита. Исто така дел од испитаниците потенцираат дека ако се легализира сексуалната работа ќе можат слободно да ги бираат клиентите без да има потреба некој да ги заштитува[4] при работата. Во вакви услови тие сметаат дека ќе имаат и финансиска придобивка бидејќи нема заработувачката да ја делат со никого. **...„***Би значело многу, нема да се кријам, и ќе останат повеќе пари за мене. Да не работам пола-пола со никој, туку сама да си ги бирам клиентите. Да не ја делам заработувачката***...“**, „*Слобода, сама да бирам клиенти, да си работам сама без помош од никого*“. Сегашниот начин на регулирање, но и примена на постоечката регулатива влијае и на физичкото и на менталното здравје на сексуалните работници. Стравот од казни и прогонување, постојаната изложеност на насилство и на повреди на човековите права се причините поради кои сексуалните работници „прегоруваат“. Според испитаниците, легалната сексуална работа би придонела и за подобрување на психофизичкото здравје на сексуалните работници. **„...***Добро би било да работиме слободно и така да се чувствувам, нема да паѓам во депресија, нема да се плашиме***.“**

### 8.2 Декриминализирана сексуална работа

На прашањето да се опише што значи декриминализирана сексуална работа, 43 % од испитаниците одговориле дека не знаат. Од испитаниците кои дале одговор, 74 (24 %) ја опишале декриминализираната сексуална работа како модел според кој сексуалната работа не се смета за кривично дело и давањето сексуални услуги не се казнува. Дел од испитаниците (5.8 %) ја поистоветуваат декриминализираната сексуална работа со легалната сексуална работа. Останатите одговори се однесуваат на ситуации во кои сексуалните работници сметаат дека декриминализацијата ќе значи поголема заштита на нивните

---

**4** Во овој контекст заштита се мисли на лицата кои ги чуваат сексуалните работници додека работат и им ја гарантираат безбедноста, посебно на оние кои работат на улица.

права, Полицијата нема да ги малтретира, нема да трпат насилство и закани од клиенти и од трети лица. Од одговорите на сексуалните работници може да се заклучи дека тие се често жртви на кражби или во нивната околина се случуваат кражби, па дел од нив сметаат дека декриминализацијата ќе ги превенира кражбите.

## 9. Заклучок

Како резултат на постоечката политика, вклучувајќи ги законите, стратегиите и праксата на институциите спрема сексуалната работа, сексуалните работници се изложени на систематски и на сериозни прекршувања на човековите права, што придонесува за нивно социјално исклучување и маргинализација.

Анализата покажува дека безбедноста на сексуалните работници зависи од начинот и локацијата на работата. Имено, најнебезбедно се чувствуваат сексуалните работници кои работат во кафеани и на улица, додека побезбедни се оние кои работат во стан или во хотел. Работата на улица или во кафеана ги намалува можностите за контрола во изборот на клиентите. За разлика од нив, сексуалните работници кои договараат услуги по телефон, а работат во стан или хотел, имаат поголема можност да направат проценка за клиентот врз чија основа ќе донесат одлука.

Независно од локацијата и начинот на работа, голем дел од сексуалните работници се жртви на насилство кое доаѓа од различни страни. Најчесто се изложени на психолошко, на физичко и на сексуално насилство од страна на клиентите, па потоа следуваат Полицијата и семејството. Сексуалните работници не се чувствуваат безбедно во однос на Полицијата од повеќе причини. Имено, овластените службени лица се јавуваат како директни прекршители на правата на сексуалните работници преку физичко, вербално и сексуално насилство. Понатаму Полицијата не дава соодветна заштита од насилството од трети лица (клиенти, партнери, членови на семејство), што дополнително ја нарушува довербата на сексуалните работници во Полицијата. Ваквата состојба резултира со непријавено и несанкционирано насилство врз сексуалните работници, што дополнително ги охрабрува насилниците да продолжат со насилството.

Покрај насилството, сексуалните работници се соочуваат со други проблеми кои влијаат на нивниот живот и здравје. Голем дел од сексуалните работници се соочуваат со финансиски проблеми, а тие се најчесто поврзани со проблемот со наплата на услугите од клиентите. Наместо договорената сума, сексуалните работници добиваат помалку пари или воопшто не добиваат надоместок, а често наместо договорената сума повторно добиваат физичко малтретирање и силување од страна на клиентите.

Сексуалните работници често се соочуваат со семејни проблеми, одземање на старателство врз децата, семејно насилство како резултат на нивниот избор да се занимаваат со сексуална работа. Затоа сериозен проблем претставува откривањето на идентитетот на сексуалните работници и нарушување на приватноста пред семејството поради што се изложени на понижување и на срам. Тешките услови за работа, посебно оние кои работат на отворено, претставуваат сериозен проблем во работата.

Во услови на репресивна национална политика и недостаток на соодветна институционална заштита, сексуалните работници наоѓаат алтернативни начини да се заштитат од секојдневното насилство. Услугите од здруженијата на граѓани, посебно правната помош која ја овозможуваат, е првиот избор за поголем дел од сексуалните работници кои беа опфатени со оваа анализа. Преку здруженијата сексуалните работници добиваат информации и градат вештини за безбедна работа и за комуникација со клиентите.

Анализата покажува дека мал дел од сексуалните работници се запознаени со законските одредби како е регулирана сексуалната работа, но соочувањето со законските бариери и институционалните репресии им дава јасна слика за потребата од промени во системот

на регулирање на сексуалната работа. Познавањето на постоечката законска рамка и потенцијалните модели на регулирање на сексуалната работа сексуалните работници ги илустрираат преку свои животни искуства, како тие замислуваат и сакаат да изгледа нивниот живот и работа.

Од испитаните, 74 % предлагаат законско регулирање на доброволната сексуална работа во Македонија, а од нив најголем дел (71 %) се согласуваат да одвојуваат дел од својата заработувачка за плаќање давачки спрема државата доколку сексуалната работа во Македонија е дозволена и со тоа сексуалните работници би добиле здравствено и пензиско осигурување. Во регулирањето на сексуалната работа како и секоја друга работа, сексуалните работници гледаат како можност за менување на перцепцијата за оваа работа и намалување на насилството и повредите на човековите права на лицата кои се занимаваат со сексуална работа. Како еден од начините за подобрување на правата на сексуалните работници дел од испитаниците ја гледаат во можноста од здружување на сексуалните работници во синдикати и други форми на здружувања преку кои ќе можат да ги остварат своите права.

Анализата покажува дека сексуалните работници сакаат да се елиминира насилството, да се зголеми заштитата од институциите и да се промени перцепцијата на јавноста спрема нив. Полицијата ја има клучната улога во создавањето, но и во решавањето на проблемите на сексуалните работници. Иако недостасува довербата во Полицијата, сепак голем дел од сексуалните работници гледаат во Полицијата како на единствена државна институција која може да ги реши нивните проблеми.



Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА